# ПОВИК ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ НА УЧЕСНИЦИ ВО АКТИВНОСТ ПОДГОТОВКА НА БИЗНИС ПЛАНОВИ

Во рамките на проектот:
„Зголемување на пристапот и учеството на учениците Роми во средното образование и транзиција на пазарот на труд“

Здружението на граѓани „Ромаверзитас“ - Скопје во рамките на проектот: **„Зголемување на пристапот и учеството на учениците Роми во средното образование и транзиција на пазарот на труд“,** финансиран од Европска Унија и РЕФ, објавува повик за УЧЕСНИЦИ ВО АКТИВНОСТ ПОДГОТОВКА НА БИЗНИС ПЛАНОВИ
Пријавените и селектирани лица ќе имаат можност преку индивиуални online средби со експерт да ги запознаат сите фази во процесот на изработка на бизнис план и на крајот од активноста да добијат документ – бизнис план подготвен според нивна разработена идеја.

## Опис на активноста

Оваа активност треба да го поттикне претприемачкиот дух на средношколци, кои преку работа со ангажиран експерт, треба да развијат своја деловна идеја сè додека не имаат целосен бизнис план. Планирано е да се изготват вкупно 6 деловни планови за ученици кои сакаат да се вклучат во оваа активност. Со оваа активност и работа со експерт од оваа област, се очекува во иднина некои од подготвените бизнис планови да ги охрабрат учениците и да го применат подготвениот бизнис план од документ на хартија за да се развие во успешен бизнис.

## Цели на активноста подготовка на бизнис планови

- Да им помогне на учесниците да го поттикнат и развијат нивниот претприемачки дух;
- Да развијат нивна идеја до подготовка на готов бизнис план;
- Да ги поттикне, мотивира, охрабри, стимулира, учениците да се залагаат за професионално надоградување и стекнување на вештини кои се неопходни за настап на пазарот на труд.

## Услови за учество

- Да се средношколци Роми запишани во јавните и приватните средни училишта во Република Северна Македонија ;
- Да се во можност да присуствуваат на планираните Online часови;

## Начин за пријавување за учество во активноста подготовка на бизнис планови

- **Пополнета електронска пријава** https://forms.gle/XGkHmaRQY8XuYgLF8 **најдоцна до 16 Јули (Четврток) 2020**

## Селекција на кандидати

Селекцијата на кандидатите ќе ја изврши комисијата за селекција составена во рамките на проектот.

The project "Increased Education Opportunities for Roma Students and Youth in Western Balkans and Turkey" is funded by European Union